До: Сите пратеници во Собранието на РМ

Предмет: Предлог – измени на даночните закони во одредбите кои се однесуваат за граѓанските организации

Почитувани,

Даночните политики се од особена важност за креирање на овозможувачка рамка за одржливост и развој на граѓанските организации. Во оваа насока, Здружението Конект во соработка со група граѓански организации отпочна иницијатива за подобрување на даночната рамка за граѓанските организации. Иницијативата е поддржана од Меѓународниот центар за непрофитно право (ИЦНЛ) преку LEEP (Legal Enabling Environment Program) финансирана од УСАИД.

Со цел да се определат приоритетните потреби за измени на даночните закони, на 27 јуни 2014 г. во Скопје беше одржана јавна расправа за даноците што ги засегаат граѓанските организации во Македонија. Триесет и девет претставници на граѓанските организации за време на овој настан дискутираа за потребите од измени и дадоа поддршка на иницијативата. Како Основа за јавната расправа претставуваше анализата „Даночно опкружување на граѓанските организации во Македонија“ подготвена во рамки на активностите на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во соработка со Центарот за даночни политики (ЦДП) и Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ).

**Од Вас, како пратеник во Собранието на Р Македонија, бараме да ги иницирате и поддржите промените на законските измени користејќи ги механизмите и контактите што Ви се на располагање. На тој начин директно ќе придонесете за развој на граѓанскиот сектор во Македонија.** Со цел да обезбедиме поддршка во оваа насока, Во прилог на овој допис доставуваме Предлог – измени на даночните закони во одредбите кои се однесуваат за граѓанските организации со соодветна аргументација. Измените се поддржани од организациите содржани во списокот што Ви го приложуваме.

Подготвени сме за соработка со заложба да бидеме конструктивен партнер во процесот на измени на законите.

Со почит,

Никица Кусиникова
*Извршна директорка*
Здружение КОНЕКТ

тел/факс: +389 2 3224 198 ● konekt@konekt.org.mk
ул. Владимир Полежиновски 19-1/6 1000 Скопје МАКЕДОНИЈА